**20222363437**

# СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СОЦИЈАЛНАТА ЗАШТИТА

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за социјалната заштита,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 3 ноември 2022 година.

Бр. 08-4542/1
3 ноември 2022 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Стево Пендаровски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
м-р **Talat Xhaferi,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СОЦИЈАЛНАТА ЗАШТИТА

Член 1

Во Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 104/19, 146/19, 275/19, 302/20, 311/20, 163/21, 294/21 и 99/22), во член 60 во ставот 2 зборовите: „62 години“ се заменуваат со зборовите: „60 години“, а зборовите: „64 години“ се заменуваат со зборовите: „62 години“.

Член 2

Во член 76 по ставот 4 се додава нов став 5, кој гласи:

„Корисници на услугата се и лица со комбинирана попреченост доколку истата е врз основа на една од попреченостите од ставот 4 на овој член.“.

Член 3

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Северна Македонија да утврди пречистен текст на Законот за социјалната заштита.

Член 4

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.